# Програма за е-учење

# Царинска вредност

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

До крајот на овој 60-минутен курс, вие ќе научите:

- важноста на царинската вредност;
- која царинска вредност се однесува за царински цели;
- методите на вреднување.

## 2 Преглед на царинска вредност

Царинска вредност е процес за утврдување на царинската вредност на стоката.

Царинската вредност е основа за:

- пресметување на царинската давачка, кога се наплаќа како процент од вредноста на стоката и е позната како "ad valorem" давачка;
- пресметување на ДДВ за увезената стока;
- разработување на трговската статистика.

ЕУ го применува меѓународно прифатениот концепт за „царинска вредност“ што е воспоставен со Договорот за царинска вредност на СТО (Договор за спроведување на член VII од Општата спогодба за царини и трговија 1994 година).

Сите земји-членки на СТО имаат обврска да го применуваат овој договор и да ја применуваат оваа методологија.

Некои земји што не се членки на СТО, исто така, избрале да го применуваат; сепак, тој се применува кај огромното мнозинство во целата меѓународна трговија.

Методите за утврдување на царинската вредност треба да се применат во пропишаниот редослед како што е прикажано.




## 3 Примарен метод или метод на трансакциска вредност

Примарната основа за царинската вредност на стоките е трансакциската вредност. Ова претставува цената што е вистински платена или треба да се плати за стока што е продадена за извоз во царинска територија на Унијата, прилагодена со специфичните барања што се наведени во правилата.

Овој примарен метод на трансакциска вредност се применува на околу 95% од.

трговијата во ЕУ. Услови за користење на примарна метода се:

- нема ограничувања за отуѓување или користење на стоките од страна на купувачот, освен одредени прифатливи ограничувања;
- продажбата или цената не зависат од условите за кои вредноста на стоката не може да се утврди;
- продавачот нема да има корист од приходите од последователното продавање, отстранување или користење од страна на купувачот, освен ако не може да се направи соодветно прилагодување;
- купувачот и продавачот не се поврзани, или, доколку се, цената не е под влијание на поврзаноста.

Кога царинските органи имаат основано сомнение дека пријавената трансакциска вредност не го претставува вкупниот износ што е платен или треба да се плати, тие можат да побараат декларантот да достави дополнителни информации и придружни документи.

Доколку сомневањата не се отстранат, царинските органи можат да одлучат да ја

одбијат примената на методот на трансакциска вредност и да ја утврдат вредноста на стоките според секундарен метод.

Елементите што треба да се вклучат во цената на стоките се:

- Трошоци направени од купувачот што не се вклучени во платената цена: провизија, посреднички трошоци, трошоци за контејнери, Асистенции: вредност на стоката и услуги обезбедени од купувачот бесплатно или по намалена цена и се користат за производство на увезената стока;
- Тантиеми и надоместоци за лиценца поврзани со стоката што се вреднува, кога се платени како услов за продажба на стоката;
- Приходи од која било понатамошна препродажба, отуѓување или користење на увезената стока која му припаѓа на продавачот;
- Трошоци за транспорт и други сродни трошоци до местото на внесување во царинска територија на Европската Унија.

Елементи што не треба да се вклучат во царинската вредност на стоките:

- Транспортни трошоци по местото на влегување во царинска територија на Европската Унија;
- Трошоци за камати;
- Увозни давачки и други даноци, наплатени заради увоз на стоката;
- Трошоци за монтажа и одржување настанати по внесување во царинска територија на Европската Унија;
- Куповни провизии.

Царинските органи можат, врз основа на барање, да одобрат одредени износи да може да се утврдат врз основа на посебни критериуми, што треба да се утврдат во одобрението, кога тие не можат да се утврдат на датумот кога царинската декларација е прифатена, како што се:

- елементи од цената;
- елементи што треба да бидат вклучени во царинската вредност;
- елементи што не треба да бидат вклучени во царинската вредност.

# 4 Секундарни методи

## 4.1 Трансакциска вредност на идентични стоки

Овој метод се состои од примена на прифатената вредност на трансакциска вредност на слични стоки увезени во исто или приближно исто време.

Идентични стоки се исти стоки во секој поглед вклучувајќи ги физичките карактеристики, квалитет и изглед. Тие се произведуваат во иста земја од страна на ист производител.

## 4.2 Трансакциска вредност на слични стоки

Овој метод се состои од примена на прифатената вредност на трансакциска вредност на слични стоки увезени во исто или приближно исто време.

Сличните стоки многу наликуваат на стоките што се предмет на вреднување во поглед на материјалите од што се изработени и карактеристиките. Тие се произведени во иста земја како увезената стока. Тие мора да бидат комерцијално заменливи.

## 4.3 Вредност врз основа на единечна цена или метод на дедуктивна вредност

Царинската вредност се пресметува врз основа на единечната цена по која увезената стока или идентичната или слична стока се продава на царинска територија на Европската Унија на неповрзан купувач во најголемата вкупна количина.

Бидејќи почетната точка е продажната цена во земјата на увозот, неопходни се разни одбивања, главно во врска со трошоците направени во ЕУ, за да се намали таа цена на соодветната царинска вредност.

## 4.4 Пресметковна вредност

Пресметковната вредност се состои од збирот од следново:

Трошоци или вредност на материјалните трошоци и трошоците за роизводство

+ Приходите и општите трошоци еднакви на оние што обично се одразуваат при продажба на стока од иста класа или вид +

+ Трошоци за транспорт, утовар, ракување и осигурување до местото на внесување во царинска територија на Европската Унија.

Економскиот оператор може да побара да се примени овој метод во обратен редослед на методот на вредноста врз основа на единечна цена.

## 4.5 Метода на расположливи податоци

Овој метод се користи доколку не може да се примени ниту еден од претходните методи.

Се базира на претходните методи, што се применуваат со разумен степен на флексибилност.

Царинската вредност утврдена со овој метод треба да се заснова на претходно утврдени вредности во најголема можна мера.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија од Службен весник на Европската Унија се смета за автентична. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за*